АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# *Обраќање на директорката Билјана Аврамоска Ѓореска – Идни планови и активности за 2024 година*

Агенцијата за пошти ја исцрта својата траекторија на работење со донесување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 година, во која се зацртани целите кои ние како регулатор на пазарот на поштенските услуги треба да ги реализираме преку низа на активности, иницијативи и предлози. Годишната програма е во собраниска процедура и сме во очекување на нејзино донесување.

Нашите цели за 2024 година ќе бидат:

1. Осигурување на обезбедување на универзална услуга;
2. Одржлив развој и анализа на пазарот на поштенските услуги и зајакнување на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги;
3. Заштита на давателите и на корисниците на поштенските услуги;
4. Зајакнување на надзорните и контролните механизми;
5. Јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата,
6. Транспарентност и соработка.

Еден од основните приоритети на Агенцијата е унапредување на регулаторната рамка за пазарот на поштенските услуги, со што ќе се придонесе за одржување на регулиран, стабилен и конкурентен пазар на поштенски услуги, со зајакната улога и регулаторни капацитети на институцијата.

Во 2024 година ќе работиме на Бела книга за состојбата на македонскиот поштенски пазар, која треба да претставува осврт на целокупната актуелна состојба на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија.

Агенцијата континуирано ќе ја мониторира и анализира транспарентноста на давателите на поштенски услуги во насока на исполнување на нивните обврски согласно Законот и подзаконските акти, во делот на усогласеноста на Општите услови за обезбедување на поштенски

услуги со Законот, како и за настанатите промени за кои давателите за кои се должни да ја известат Агенцијата во утврден законски рок

Интензивирање на комуникацијата со давателите на поштенски услуги преку одржување на тематски редовни состаноци, работилници и тркалезни маси со цел запознавање со измените и дополнувањата на законската, подзаконската регулатива и регулаторните мерки кои имаат влијание врз нивната секојдневна работа, како и за други прашања од интерес за работата на конкуренцијата во поштенскиот сектор.

Во фокусот ќе биде секако и заштитата на корисниците па преку е-платформата „Поднеси претставка/приговор во електронска форма“ ќе им овозможиме на корисниците лесен начин за пополнување на претставка за одреден давател на поштенски услуги..

Исто така ќе продолжиме со континуирано едуцирање на корисниците преку обезбедување на релевантни информации на веб страницата на Агенцијата со објавување на едукативни текстови, брошури, публикации, прирачници и упатства, соопштенија, извештаи и податоци во врска со работењето на давателите на поштенски услуги, новини во работењето и организирање на едукативни работилници на кои ќе се презентираат правата на корисниците во поглед на поднесување на рекламации кај давателите на поштенски услуги, како и управни приговори пред Агенцијата.

Во 2024 година, ќе превземеме активности за утврдување и за управување со потенцијалните ризици кои произлегуваат од нејзините секојдневни активности, а кои се поврзани со стабилен информатички систем, системот за спроведување на јавните набавки, имплементацијата на клучните законски одредби за административните службеници, и другата регулатива која има влијание врз ефикасното работење на институцијата.

Ви благодарам за вниманието!